# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО



| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 17.07.2018 БРОЈ 10 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |
|---|---|---|



С О Д Р Ж И Н А


З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Берово за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите”………………...

О Д Л У К А за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Берово за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите”……………….................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на зелен пазар во Берово“…………………...........................................

Одлука за измена на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на зелен пазар во Берово“……………………....................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово…....

О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово……………………………………….............

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на трајно користење движна ствар -патничко возило Лада Нива на ЈПКР „Услуга“ Берово……………………...............

О Д Л У К А за давање на трајно користење движна ствар -патничко возило Лада Нива на ЈПКР „Услуга“ Берово……………….......................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за преотстапување на објект на користење „Градска Капела“ во Берово…………………………………………….....................................

О Д Л У К А за преотстапување на објект на користење „Градска Капела“ во Берово……………………………………………...........................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на времено користење без надомест на недвижна ствар -просторија во зграда на ул. “Димитар Влахов” бр.8 во Берово......................................................................................................................................

О Д Л У К А за давање на времено користење без надомест на недвижна ствар -просторија во зграда на ул. “Димитар Влахов” бр.8 во Берово…………………………….....................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на донација…………………...

О Д Л У К А за прифаќање на донација…………………........................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Петров Русински’’ – с.Русиново, општина Берово за учебната 2017/2018 година………………..................................................................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Петров Русински’’ – с.Русиново, општина Берово за учебната 2017/2018 година…………………......

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за давање согласност на Правилник за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки” Берово што паѓа на товар на корисниците………………….......................................

З А К Л У Ч О К за давање согласност на Правилник за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки” Берово што паѓа на товар на корисниците……………….........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за доделување на парични награди на учениците во основните и средното училиште во Општина Берово за освоено I место на државни/републички натпревари …………………….

ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за доделување на парични награди на учениците во основните и средното училиште во Општина Берово за освоено I место на државни/републички натпревари ……………………...................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на согласност за трајно превземање на административен службеник за потребите на Општина Берово………………………............

Одлука за давање на согласност за трајно превземање на административен службеник за потребите на Општина Берово……………………................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечниот Извештај за работа на ТППЕ Берово…………………...........................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Шестмесечниот Извештај за работа на ТППЕ Берово……………………..........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Измена и дополнување на Годишниот План за вработување на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година……………………..................................................................................................

О Д Л У К А за давање на согласност на Измена и дополнување на Годишниот План за вработување на ЈПКР "Услуга" Берово за 2018 година…………………….............................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на тримесечен извештај за финансиско работење на ЈПКР „Услуга'' – Берово за 2018 година………………….........

З А К Л У Ч О К за усвојување на тримесечен извештај за финансиско работење на ЈПКР „Услуга'' – Берово за 2018 година......................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на предлог-план „Урбанистички план за село Владимирово, Општина Берово, и разработка на Блок 10….......

О Д Л У К А за утврдување на предлог-план „Урбанистички план за село Владимирово, Општина Берово, и разработка на Блок 10……………………….......................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на нацрт-план „Урбанистички план за село Русиново, Општина Берово, и разработка на Блок 1…….............

О Д Л У К А за утврдување на нацрт-план „Урбанистички план за село Русиново, Општина Берово, и разработка на Блок 1……………………….........................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на нацрт-план „Урбанистички план за село Ратево", Општина Берово, и разработка на Блок 10…….............

О Д Л У К А за утврдување на нацрт-план „Урбанистички план за село Ратево", Општина Берово, и разработка на Блок 10………………….................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на нацрт-план „Урбанистички план за село Двориште", Општина Берово, и разработка на Блок 7…….........

О Д Л У К А за утврдување на нацрт-план „Урбанистички план за село Двориште", Општина Берово, и разработка на Блок 7……………………….............................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 569, КО Смојмирово….......

О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 569, КО Смојмирово………………..................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Туристички Културен комплекс, на КП 3125, 3127 и 3128, КО Владимирово…..................

О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Туристички Културен комплекс, на КП 3125, 3127 и 3128, КО Владимирово……………..................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс за преработка на дрво - Пилана, на КП 4162, КО Владимирово….......

О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс за преработка на дрво - Пилана, на КП 4162, КО Владимирово……………….............................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Дом на култура “Димитар Беровски” – Берово за 2019 година……..

О Д Л У К А за давање на согласност на Годишниот План за вработување на Дом на култура “Димитар Беровски” – Берово за 2019 година……………........................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Горан Печински......................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Марјанчо Пелтечки...............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Бранко Пармачки..............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување од функција вршител на должност Директор на ОСУ “Ацо Русковски” Берово...................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за именување вршител на должност Директор на ОСУ “Ацо Русковски” Берово.......................................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност директор на општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица „Д-Р ИВАН ВЛАШКИ„ Берово ......................

Р Е Ш Е Н И Е за именување на вршител на должност директор на општинската јавна установа за социјална заштита на стари лица „Д-Р ИВАН ВЛАШКИ„ Берово .......................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност директор на Дом на Културата “Димитар Беровски” Берово.........................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за именување на Директор на Дом на културата „Димитар Беровски“ – Берово.......................................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност директор на ОЈУДГ “23 Август” Берово..........................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за именување на Директор на ОЈУДГ “23 Август” Берово..............................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност директор на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово...........................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за именување на Директор на ООУ “Никола Петров Русински”с.Русиново, Берово..........................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Барије Бекровска.............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Драги Бошначки.............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Стојанчо Вучковски.........................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Васко Саканарски..............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Дарко Скендерски..............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Кристна Панковска Гошевска...............................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Марија Кацарска................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Ана Шоповска...................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Бојан Гугушовски..............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Бојана Данинска.................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Ева Валмарски...................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Зоран Раденовски..............................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Иван Чукарски...................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Јован Царовски..........................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Николија Камкинска................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Петар Боболински...................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Петар Ковачовски...................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Сара Гошевска.........................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Симона Андонова...................................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за исплата на средства од Буџетот на Општина Берово за 2018 година на Спортски Клуб ФК Русиново.................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година Бранче Милчовски.....................................................................................................

Р Е Ш Е Н И Е за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Берово за 2018 година Кирил Пурески...........................................................................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Берово за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите”

Се објавува О Д Л У К А за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Берово за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите”, Бр.09-2339/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/1<br>17.07.2018 год.<br>Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО<br>Градоначалник<br>Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на 10-тата (десетата) седницата одржана на ден 16.07.2018 година донесе:

## О Д Л У К А

### за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Берово за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите”

Член 1

Со оваа Одлука со одобрува финансиски придонес, кофинансирање од страна на општина Берово за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево – Дестинација по мерка на туристите” .

Член 2

Финансискиот придонес – кофинансирање од страна на општина Берово за спроведување на потпроектот „Малешево – Дестинација по мерка на туристите” изнесува 16% од вкупната вредност на потпроектот.

Член 3

Носител на потпроектот е општина Берово, а партнери во спроведувањето на истиот се општина Пехчево, општина Делчево и Здружение Центар за развој и промоција – Промо Идеа, Струмица.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила по објавувањето во „Службен гласник на општина Берово“.

Бр.09-2339/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Одлука за измена на

Одлуката за кофинансирање на проектот

„Изградба на зелен пазар во Берово“

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на зелен пазар во Берово“, Бр.09-2340/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/2 ОПШТИНА БЕРОВО

17.07.2018 год. Градоначалник

Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2018 година, Советот на Општина Берово на 10-тата (десетата) седницата одржана на ден 16.07.2018 година донесе:

Одлука за измена на
Одлуката за кофинансирање на проектот
„Изградба на зелен пазар во Берово“

Член 1

Членот 2 од Одлуката за кофинансирање на проектот„Изградба на зелен пазар во Берово“ Бр.09-948/1 од 14.03.2018 година се менува и гласи: “За проектот „Изградба на зелен пазар во Берово“, Општина Берово се обврзува да учествува во проектниот фонд со 4.174.951 денари (односно 67.885 евра), а донаторот од договорот за ИПА грант бр.МСИП/ИПА/02-2 со 8.293.706 денари (134.857 евра) или вкупниот буџет за проектот изнесува 12.468.657 денари (202.742 евра).

Член 2

Сите останати членови од Одлуката за кофинансирање на проектот„Изградба на зелен пазар во Берово“ Бр.09-948/1 од 14.03.2018 година остануваат непроменети.

Член 3

Оваа Одлука преставува составен дел на Одлуката за кофинансирање на проектот„Изградба на зелен пазар во Берово“ Бр.09-948/1 од 14.03.2018 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-2340/1 Совет на Општина Берово
16.07.2018 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за
изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација
за Стопански комплекс со намена
Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово, Бр.09-2341/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/3
17.07.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 21, а во врска со член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и Програмата за изработка на урбанистичка планска документација за 2018 година на подрачјето на Општина Берово бр. 09-2921/1 од 05.12.2017 година, а по поднесеното барање со бр. 23-2281/1 од 11.07.2018 год од Марјан Пехчевски од Берово, за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација, за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово, надвор од планскот опфат на село Смојмирово, Советот на Општина Берово на седница одржана на 16.07.2018 година, донесува:

# О Д Л У К А

*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово,,*

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на локална урбанистичка планска документација вон плански опфат, за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово, што е надвор од планскиот опфат на селото Смојмирово, и за подрачјето нема урбанистичко планска документација.

Член 2

Се задолжува одделението за урбанизам, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, да отпочне со постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација вон планскиот опфат, за Стопански комплекс со намена Г2 - Лесна Индустрија, на КП 1378, КО Смојмирово.

Член 3

Сите трошоците потребни за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе ги финансира заинтересираната странка Марјан Пехчевски од Берово, а по потреба може да биде склучен посебен договор за финансирање, помеѓу инвеститорот и Општина Берово.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Берово.

Бр. 09-2341/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за давање на трајно користење движна ствар -

патничко возило Лада Нива на ЈПКР „Услуга“ Берово

Се објавува О Д Л У К А за давање на трајно користење движна ствар - патничко возило Лада Нива на ЈПКР „Услуга“ Берово, Бр.09-2342/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/4 ОПШТИНА БЕРОВО

17.07.2018 год. Градоначалник

Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на 10-тата (десетата) седницата одржана на 16.07.2018 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за давање на трајно користење движна ствар - патничко возило Лада Нива на ЈПКР „Услуга“ Берово

Член 1

Со оваа Одлука се дава на трајно користење без надоместок, движна ствар патничко возило Лада Нива на ЈПКР „Услуга“ Берово со регистарски таблици ŠT 578 TF, со Идентификационен број на возило XTA212130R1078654, Идентификационен број на мотор 212133329195, година на производство 1994 година, силина на мотор 76 kw, облик и намена на каросеријата AF - повеќенаменско, боја на каросеријата црвена/74, со набавна вредност од 173.455,00 денари, исправка на вредноста во износ од 173.455,00 денари, односно сегашна вредност 0,00 денари сопственост на Општина Берово.

Член 2

ЈПКР „Услуга“ Берово, движната ствар, патничко возило Лада Нива на ЈПКР „Услуга“ Берово од член 1 на оваа одлука, ќе го користи за свои потреби при вршење на редовните работни активности.

Член 3

Движната ствар од член 1 на оваа Одлука, ЈПКР „Услуга“ Берово е должен да ја воведе во својата книговодствена евиденција.

Член 4

Оваа Одлука преставува правен основ за пријавување и регистрирање на возилото на име на корисникот ЈПКР „Услуга“ Берово, пред надлежните институции.

Член 5

За превземените активности по оваа Одлука, ЈПКР “Услуга” Берово е должна да ја извести Општина Берово во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на донесувањето на истата.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2342/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за преотстапување на објект на користење

„Градска Капела“ во Берово

Се објавува О Д Л У К А за преотстапување на објект на користење „Градска Капела“ во Берово, Бр.09-2343/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/5 ОПШТИНА БЕРОВО

17.07.2018 год. Градоначалник

Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 19 став 2 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.13/02,18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на 10-тата (десетата) седница одржана на 16.07.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за преотстапување на објект на користење
„Градска Капела" во Берово

Член 1

СЕ ПРЕОТСТАПУВА на користење без надомест, на неопределено време, објектот „Градска Капела" во Берово, лоциран на ул. „Дамјан Груев", во кругот на градските гробишта во Берово, на ЈПКР „Услуга" Берово, КП бр.833 КО Берово, запишан во имотен лист бр.59199 сопственост на Општина Берово.

Член 2

Корисникот ЈКПР „Услуга" Берово, се задолжува објектот да го стави во функција, да стопанисува со него, да го чува и одржува во исправна состојба.

Член 3

Трошоците за користење, управување и одржување на објектот ги поднесува ЈПКР „Услуга"- Берово.

Член 4

Објектот е изграден од страна на Општина Берово, со Одобрение за градење бр. Уп.23-273 од 25.04.2013 год, со финансирање од сопствени средства, граден од ДООЕЛ „Стоименов" од Кочани, по тендерска постапка на изберен изведувач.

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Берово како овластен застапник, да склучи Договор за уредување на меѓусебните односи со ЈКПР „Услуга" од Берово.

Член 6

Користењето на недвижната ствар може да престане со одлука на Советот на Општина Берово согласно закон, како и во случаи кога ствáрта се користи спротивно на намената и извршувањето на работите за кои е преотстапена.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2343/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за давање на времено користење без надомест на недвижна ствар - просторија во зграда на ул. “Димитар Влахов” бр.8 во Берово

Се објавува О Д Л У К А за давање на времено користење без надомест на недвижна ствар - просторија во зграда на ул. “Димитар Влахов” бр.8 во Берово, Бр.09-2344/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/6 ОПШТИНА БЕРОВО
17.07.2018 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 19 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), и член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Службен весник на Република Македонија” Бр.78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018), а во Врска со Препораката на Владата на Република Македонија од Седумдесет и првата седница одржана на 05.06.2018 година, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 16.07.2018 година, донесе:

О Д Л У К А

за давање на времено користење без надомест на недвижна ствар - просторија во зграда на ул. “Димитар Влахов” бр.8 во Берово

Член 1

Со оваа Одлука се дава на времено користење без надомест недвижна ствар - просторија во зграда на ул. “Димитар Влахов” бр.8 во Берово, на Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово.

Член 2

На времено користење без надомест, на неопределено време, се дава следната недвижна ствар, сопственост на Општина Берово:

- Број на катастерска парцела КП 2281, на улица "Димитар Влахов" бр.8 во Берово, Број на зграда во парцелата 2, намена на зграда В4, Влез 1, кат Пр, со Внатрешна површина од 18.25 м2, заведена во Имотен лист бр.8722, КО Берово(Објект - зграда на ул. "Димитар Влахов" бр.8 во Берово).

Член 3

Во периодот за кој му се преотстапува користењето на просторијата, Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово е должен да се грижи за просторијата со внимание на добар домаќин, односно добар стопанственик.

Трошоците за одржување на просторијата, паѓаат на терет на Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово.

Член 4

Доколку настанат одредени оштетувања на просторијата во периодот за кој му е преотстапена, Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово е должен да ја надоместат настанатата штета.

Член 5

Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово нема право недвижниот имот кој му е даден на времено користење без надомест, да го даде на користење на трето лице/субјект.

Член 6

За престанок на правото на користење на стварта од член 2 на оваа Одлука одлучува Советот на Општина Берово.

Член 7

По престанокот на правото на користење Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово е должен просторијата да ја предаде на Општина Берово во состојба во која ја примил.

Член 8

Оваа одлука е основ за запишување во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 (осум) дена од донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово".

Бр.09-2344/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација Бр.09-2345/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/7
17.07.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија'' бр.5/02) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" Бр.61/04……192/2015), а во врска со Допис на ЕЛКОЛЕКТ ДОО Бр.0204-138/2 од 02.07.2018 година, Советот на Општина Берово на седницата одржана на 16.07.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа одлука, Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги за цели од јавен интерес, дадена од давателот Друштво за управување со отпад ЕЛКОЛЕКТ ДОО увоз-извоз Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Берово се состои во 1 контејнер со стандардна димензија и волумен 1,1м3 и 5 (пет) висечки кантички за поситен комунален отпад.

Член 3

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими и реализира согласно закон.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и Друштво за управување со отпад ЕЛКОЛЕКТ ДОО увоз-извоз Скопје, како донатор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2345/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Петров Русински’’ – с.Русиново, општина Берово за учебната 2017/2018 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Петров Русински’’ – с.Русиново, општина Берово за учебната 2017/2018 година Бр.09-2346/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/8
17.07.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 31 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр.13/02 и 18/07), а во врска со член 126 став 1 алинеа 2 од Законот за основното образование (“Службен весник на Република Македонија” бр.103/2008.........64/2018), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 16.07.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Петров Русински’’ – с.Русиново, општина Берово за учебната 2017/2018 година

1. Се усвојува Годишен извештај за работа на ООУ „Никола Петров Русински’’ – с.Русиново, општина Берово за учебната 2017/2018 година, Бр.01-129/1 од 06.07.2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2346/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на
Правилник за утврдување на износот на надоместокот
на трошоците за престој во ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово
што паѓа на товар на корисниците

Се објавува З А К Л У Ч О К за давање согласност на Правилник за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово што паѓа на товар на корисниците Бр.09-2347/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/9
17.07.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Советот на Општина Берово на седницата одржана на 16.07.2018 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на
Правилник за утврдување на износот на надоместокот
на трошоците за престој во ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово
што паѓа на товар на корисниците

1. Советот на Општина Берово дава согласност на Правилникот за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој во ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово што паѓа на товар на корисниците, Бр.0202/01-63/3 од 09.07.2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-2347/1
16.07.2018 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на
ПРАВИЛНИК
за критериумите и постапката за доделување на парични награди
на учениците во основните и средното училиште во Општина Берово
за освоено I место на државни/републички натпревари

Се објавува ПРАВИЛНИК за критериумите и постапката за доделување на парични награди на учениците во основните и средното училиште во Општина Берово за освоено I место на државни/републички натпревари Бр.09-2348/1, што Советот на Општина Берово ја донесе на седницата што се одржа на 16.07.2018 година.

Бр.08-2365/10
17.07.2018 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.05/2002) и член 19 став 2 точка 11 од од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово“ бр. 13/2002, 18/2007, 30/2008 и 20/2010), Советот на Општина Берово на 10.та седница одржана на ден 16.07.2018 година донесе:

ПРАВИЛНИК
за критериумите и постапката за доделување на парични награди
на учениците во основните и средното училиште во Општина Берово
за освоено I место на државни/републички натпревари

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој Правилник се утврдуваат критериумите и постапката за доделување на парични награди за учениците од ООУ „Дедо Иљо Малешевски“, ООУ „Никола Петров Русински“ и ОСУ „Ацо Русковски“ Берово, како и начинот на нивното доделување.

(2) Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Берово на годишно ниво по претходно направена процена.

ПАРИЧНИ НАГРАДИ, ПОФАЛНИЦИ И БЛАГОДАРНИЦИ

Член 2

(1) Со наградите се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за постигнатите резултати со воспитно - образовната дејност.

(2) Учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение, кои покажале високи резултати во наставата и вонннаставните активности, можат да бидат пофалувани и наградувани.

(3) Парична награда се доделува на ученик/чка во основното или средното образование во некое од училиштата на територија на Општина Берово, кој/а освоил прво место на одржан републички/државен натпревар во тековната година. Вредноста на наградата е утврдена во член 4 од овој Правилник.

Член 3

(1) Наградите, пофалниците и благодарниците на учениците и нивните наставници/професори/ментори ќе се доделуваат по завршувањето на учебната година, на Денот на Општина Берово – 23.ти Август, односно на денот во кој ќе се одржува свечената седница на Советот на Општина Берово по повод Денот на Општина Берово.

(2) Наградите, пофалниците и благодарниците на учениците и нивните наставници/професори/ментори ќе се доделуваат од страна на Градоначалникот на Општина Берово, по добиени податоци од страна на училиштата за тоа кои ученици освоиле едно од првите три места на одржаните државни/републички натпревари.

## ВРЕДНОСТ НА ПАРИЧНАТА НАГРАДА

Член 4

(1) Општина Берово доделува парична награда за освоено прво место на државен/републички натпревар.

(2) Доколку на државниот/републичкиот натпревар има повеќе ученици кои освоиле прво место, се доделува парична награда само на оние ученици кои се рангирани на прво место, односно за првиот ученик/чка кој/а има освоено најмногу бодови, согласно ранг листата од државниот/републичкиот натпревар.

(3) Доколку на ранг листата има двајца или повеќе ученици кои освоиле прво место и се со ист број на бодови, Општината ќе додели парична награда за сите ученици со ист број на бодови.

(4) Ученикот/чката кој/а освоил/а прво место на државен/републички натпревар ќе добие парична награда во вредност од 5.000,оо денари.

## КРИТЕРИУМИ, РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 5

(1) Средствата за парична награда за освено прво место на државен/републички натпревар, предвидени во Буџетот на Општина Берово, ќе се распределуваат на учениците според критериумот тие да бидат ученици државјани на Република Македонија, запишани во основните или во средното училиште на територија на Општина Берово.

(2) Најкасно до 30 јули во тековната година, но не покасно од 10 август за учебната 2017/2018 година, училиштата се должни да достават податоци, по претходно доставено барање од страна на градоначалникот на Општина Берово, кои ученици од нивното училиште имаат освоено прво место на одржаните државни натпревари.

(3) Училиштата се должни да достават пријава, која е составен дел на овој правилник, со која во прилог ги доставуваат следните документи за освоено прво место на државен/републички натпревар:

- Уверение за државјанство за ученикот во оригинал или копија заверена на нотар, или копија од личен документи за идентификација (лична карта или пасош) за ученикот/чката;
- Уверение за државјанство за ученикот во оригинал или копија заверена на нотар, или копија од личен документи за идентификација (лична карта или пасош) за наставникот;
- Потврда од училиштето дека ученикот/чката е запишан/а како редовен ученик во основно/средно училиште во учебната година;
- Фотокопија од диплома, пофалница, односно сертификат за освоено прво, второ или трето место на државен/републички натпревар одржан во учебната година, за ученикот;
- Фотокопија од трансакциска сметка на ученикот/чката (доколку ученикот/чката нема сопствена трансакциска сметка, тогаш доставува фотокопија од трансакциска сметка на еден од родителите/старателот и фотокопија од личен документи за идентификација од родителот/старателот на чие име е трансакциската сметка);

- Изјава потпишана од еден од родителите/старателите на ученикот/ученичката за согласност за обработката на личните податоци;

Член 6

(1) Исплатата на средствата за наградите за освено прво место на државен/републички натпревар, ќе се врши од Програма Д0 Градоначалник потставка 413 110, тековни резерви (разновидни расходи).

Член 7

(1) Средствата предвидени во Буџетот за оваа намена, по утврдените критериуми ќе ги доделува Градоначалникот на Општина Берово.

(2) По доставата на потребната документација од страна на училиштата, за секој ученик, се изготвува записник од Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош, во кој се констатира дали учениците ги исполнуваат критериумите за доделување на награди и дали доставената документација е навреме доставена, комплетна и уредна.

3) Доколку училиштата достават некомплетна документација, наведена во член 5 од овој Правилник, Комисијата од став 2 на овој член е должна да достави известување на училиштето и да го задолжи во рок од 3 работни дена по приемот на известувањето да ги комплетира документите.

(4) Доколку училиштето не ги комплетира документите во рокот предвиден во став 3 од овој член, ќе се смета дека ученикот/чката не ги исполнува условите за доделување на парична награда, и за истото ќе бидат известени и учениците и училиштата по истекот на рокот за докомплетирање предвиден во став 3 од овој член.

(5) Доколку училиштата достават уредна и комплетна документација, по изготвувањето на записници од комисијата за учениците, од страна на Градоначалникот на Општина Берово се донесува Решение за доделување на парична награда за наградените ученици кои освоиле прво место на државен/републички натпревар.

(6) Пријавата за ученикот/чката која е доставена од училиштето, еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на парична награда се доставува до Одделението за финансиски прашања.

(7) Еден примерок од Записникот од Комисијата и еден примерок од Решението за доделување на парична награда се доставува до Комисијата за утврдување кои физички лица ги исполнуваат критериумите за добивање на еднократна парична помош од Општина Берово.

(8) По еден примерок од Решението за доделување на парична награда се доставува до ученикот/чката и во архива на Општина Берово.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

(1) Пријавата од член 5 став 3 ќе биде достапна во електронска форма за симнување на веб страната на Општина Берово.

(2) Документите кои е потребно да бидат доставени во прилог на пријавите, наведени во член 5 став 3, училиштата се должни да ги обезбедат по службена должност од учениците.

Член 9

(1) Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Берово.

(2)

Број 09 - 2348/1<br>16.07.2018 година<br>Берово

Совет на Општина Берово<br>Претседател<br>Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

Одлука за давање на согласност за трајно превземање на

